# РАЗЛИЧНИ ПРЕОКУПАЦИИ

## Изложба на парковска скулптура во Скопје

**(Паскал Гилевски)**

Во рамките на „Средбата на солидарноста“, Друштвото на ликовните уметници на Македонија отвори изложба на скулптури од свои членови, а изложбата е сместена на отворен простор, во еден дел од Градскиот парк во Скопје. Карактерот на повеќето експонати, главно, ја изразува потресната визија на скопската елементарна катастрофа. Но секој скулптор од различен аспект, и во рамките на своите субјективни ликовни афинитети, предава по некој момент од споменатата тема. Затоа, на прв поглед, скулптурите дејствуваат со својата ликовна носивост, и многу помалку наметлива се чини тематската преокупација.

Ако се апстрахираме за момент од чувствата што ни ги раѓа асоцијацијата за потресните моменти што сме ги доживеале сите ние, и ако погледнеме со трезен критериум врз овие дела, ќе констатираме, дека изложбата можеше да има многу повисоко уметничко ниво, барем да не падне под традиционалното ниво на оние вредности што ги има постигнато нашата скулптура.

Интересно е дека најголемите слабости што ги откриваме на оваа изложба, ги содржат делата на помладите скулптори, со исклучок на двајца тројца, додека постарите скулптори ја задржуваат нивната позната квалитетна линија, па дури два-три експонати претставуваат нивен висок ликовен домет. Тука, пред сé, се мисли на одличната скулптура на Јордан Грабулоски, која остава голем впечаток, првенствено со својата зрело обликувана форма.